РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-392/4
18-02-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 28-та седница одржана на 17.02.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр.09-392/1 од 20.01.2026 година, оформен по пријава против службеното лице ------------ – член на Советот на Општина ---------, **СЕ ЗАПИРА** поради тоа што не е утврдено постапување спротивно на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси .

Предметот со бр. 09-392/1 од 20.01.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија е поднесена пријава од страна на непознат подносител, по која е оформен предметот со број 09-392/1 од 20.01.2026 година. Пријавата е поднесена против лицето ------------- со наводи дека е вработено како административен службеник во Општина ---------, а на Локалните избори 2025 година бил избран за член на Совет на Општина ----------- и дека и покрај тоа што по верификацијата на мандатот бил должен веднаш да ја прекине работата во општинската администрација или да поднесе оставка од советничката функција, тој не го сторил тоа, туку активно учествувал во работата и гласањето во Советот, вклучително и при гласањето за избор на претседавач на Советот.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија по извршениот увид во својата евиденција за избор, именување и престанок, утврди дека ----------- е избран за член на Советот на Општина --------- на ден 12.11.2025 година, а на ден 14.11.2025 година од страна на институцијата е пријавен престанок на функцијата.

Државната комисија со цел за правилно и целосно утврдување на фактичката состојба побара податоци и информации од Општина ------------ и врз основа на извршен увид во доставената документација, го констатира следното:

Лицето -------- е вработено во Општина ---------- и распореден на работно место - раководител на одделение за даноци, такси и надоместоци со Решение за распоредување на работно место со бр. 04-131/1 од 15.01.2010 година.

Видно од Уверение за избран советник со бр. 11-544/1 од 10.11.2025 година издадено од од Општинската изборна комисија ---------- е дека -------------- бил избран за член на Советот на Општина ------------ според резултатите од изборите за членови на советот одржани на 19-ти октомври 2025 година.

Видно од Записникот од Првата седница на Советот на Општина ---------- одржана на ден 12.11.2025 година е дека на истата седница им биле верификувани мандатите на вкупно 19 членови на Советот на Општина ------------, меѓу кои и на --------, кој бил присутен на седницата.

----------- поднел оставка од функцијата член на Советот заверена под арх.бр. 09-1530/1-1 од 12.11.2025 година, со образложение дека согласно со член 8 од Изборниот закон член на совет не може да биде лице вработено во општинската администрација, поради што се одлучил да даде оставка од функцијата и да продолжи да работи во општинската администрација.

Видно од Записникот од Втората седница на Советот на Општина --------- одржана на ден 14.11.2025 година е дека на истата била констатирана оставката од функцијата член на Советот на општина --------- поднесена од страна на ------------.

Врз основа на утврдената фактичка состојба, Државната комисија констатира дека мандатот на ------------- бил верификуван на конститутивната седница на Советот, при што од тој момент се смета дека истиот стапил на функцијата член на совет. Законодавецот го врзува настапувањето на правната последица „мирување на работниот однос“ со објективно утврден момент – денот на верификацијата на

мандатот, што значи дека во моментот на верификација, избраното лице влегува во режим на правна неспојливост и мора да го усогласи својот статус согласно законот.

Во конкретниот случај, ---------- поднел неотповиклива оставка истиот ден кога била извршена верификацијата на неговиот мандат. Ова укажува дека тој веднаш по стапување на функцијата презел дејствија за надминување на состојбата на неспојливост без да остави временски простор во кој би се реализирало фактичко истовремено извршување на функцијата член на совет и работните задачи како вработен во Општина -------------.

Ваквото постапување е во согласност со член 44 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со кој изречно е пропишано дека на службено лице кое е вработено во локалната администрација, доколку биде избрано за член на совет на општина, односно градот Скопје, работниот однос му мирува согласно со закон, и тоа со денот на верификацијата на мандатот.

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија оценува дека во конкретниот случај ---------- постапил навремено и согласно законските обврски, со што не е сторена повреда на член 44 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради што одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З. – раководител
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК